ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Дата: 21.12.2012

# СООПШТЕНИЕ ДО ЈАВНОСТА

## Организирање на дежурни аптеки

**Фондот за здравствено осигурување на Македонија сака да ги извести сите осигурени лица дека од 1 – ви јануари 2013 година ФЗОМ воведува организирани дежурства на аптеките.**

Заради обезбедување на континуирана здравствена заштита на осигурените лица ноќе, во сабота, во недела и за време на државни празници, во согласност со потребите на населението, како и за непречено обезбедување со лекови на рецепт од Листата на лекови кои паѓаат на товар на ФЗОМ, особено лекови пропишани од лекар во дежурна служба, ФЗОМ донесе Одлука за организирање на дежурства во приватните здравствени установи – аптеки.



**За проектот “дежурни аптеки” се дискутираше и со Фармацевтската Комора на Македонија, која позитивно го оцени и го поддржа овој проект**. Фармацевтската Комора на Македонија имаше и свои конструктивни забелешки кои се прифатени и имплементирани во Одлуката.

Дежурствата се дефинирани преку следните критериуми:

1. **За градот Скопје** – ќе се организираат дежурства во аптеките во општините Центар, Аеродром, Карпош, Чаир и Кисела Вода, определени според бројот на жители, односно општини со над 50.000 жители и најмалку 15 аптеки.

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

2. **Градовите: Битола, Куманово, Прилеп, Тетово, Охрид, Струмица, Велес, Кавадарци, Штип, Кочани, Струга и Гостивар**, се определени како градови со над 30.000 осигуреници со најмалку 15 аптеки во градското подрачје.

3. **За градовите во кои има помалку од 30.000 осигуреници** или помалку од 15 аптеки во градското подрачје, дежурствата исто така ќе се организираат, ќе се спроведуваат по телефонски повик, а лицето определено за дежурство лекот ќе го издаде во просториите на аптеката.

За организираните месечни дежурства приватните здравствени установи аптеки од територија на определена Подрачна служба на Фондот, согласно Одлуката на Управниот одбор на Фондот ќе изготвуваат Листа на дежурства за секој месец, и тоа во тековниот месец за следниот месец. Оваа Листа треба да ја доставуваат редовно до Фондот, Фармацевтската Комора на Македонија и дежурната служба на здравствениот дом, а истата ќе се истакнува на веб страницата на ФЗОМ и во просториите на дежурните лекарски служби.

**Аптеките за време на дежурството нема да бидат ограничени само со издавање лекови пропишани на рецепт од лекар од дежурна служба, односно начинот на работењето за време на дежурството ќе го определат самите аптеки.**

**Реализираните рецепти од дежурните служби нема да влегуваат во нивниот определен месечен финансиски износ (квота) и на таков начин непречено ќе може да се обезбедуваат лекови потребни за осигурени лица пропишани на рецепт од лекар од дежурна служба.**

Листата на дежурни аптеки ќе имаат обрска да ја истакнат на видно место во здравствените домови каде се организира дежурна лекарска служба, заедно со Листата на лекови кои можат да ги пропишат лекарите од дежурната служба.

**ФЗОМ ја продолжува својата агенда на целосна посветеност кон осигурениците за подигнување на квалитетот на здравствените услуги на повисоко ниво и континуирана здравствена заштита.**

**Со почит,**
**ФЗОМ**